СОБИР *МАКЕДОНСКО-ФРАНЦУСКАТА МЕЃУАКАДЕМИСКА СОРАБОТКА ВО ДУХОТ НА НОВИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ НА ФРАНКОФОНИЈАТА*

Акад. Таки Фити, претседател на МАНУ

ВОВЕДНО ИЗЛАГАЊЕ

Идејата за одржувањето на овој еминентен собир во Македонската академија на науките и уметностите дојде по една средба со францускиот амбасадор во Република Македонија, Госпоѓата Лоранс Оер што ја реализиравме во почетокот на оваа година. На оваа средба се разговараше за досегашните односи и соработка на Република Македонија и Република Франција, за прашањата и проблемите поврзани со интеграцијата на нашата земја во Европската Унија, во контекст на поддршката што Франција и ја дава на Република Македонија на патот кон евроатланските интеграциски процеси, и особено за можностите за воспоставување и интензивирање на соработка на нашата Академија со петте француски академии.

Историски гледано, Македонија, како раскрсница на Балканот, уште од времето на Крстоносните војни, била редовно присутна во запишаната меморија на значајни личности - писатели, научници и војсковдители на пропатување за Цариград, Блискиот Исток и подалеку. Во оваа смисла, треба посебно да се одбележи значајната поддршката на македонскиот идентитет од француски офицери кои ќе се најдат во Македонија како учесници на Источниот фронт. Соочени во директен контакт со населението во Македонија, тие можеа да создадат јасна претстава за посебниот етнички состав на Македонците, наспроти тогашните пропаганди. Така на пример Едмон Бушие де Бел, кој заземал висока функција во главниот штаб на Источната Армија во Солун, престојувајќи две години во Македонија за време на одлучните битки, ќе ја напише книгата *Македонија и Македонците* (објавена постхумно во Париз и наградена од Француската академија), во која со автентични сведоштва пишува дека ,,Македонците имаат свој говор кој не е ни српски ни бугарски'', тврдејќи во книгата ,,дека би се направила огромна грешка ако на Македонците се гледа како на етничка материја што може да

се меси и дотерува по волја''. Тој загинал во 1917 г. во завршните битки во Македонија и е погребан на Француските воени гробишта во Скопје. Одбраната на Македонија и на македонскиот идентитет ќе се најде и во дела и прилози на Анатол Франс и Ромен Ролан, потоа на Анри Барбис, Жан Ришар Блок, Виктор Маргерит, Франсис Шурден, Шарл Вилдрак, Мишел Мерле, славистот Андре Мазон и многу други.

Република Македонија во остварувањето и потврдувањето на нејзината независност, но и на нејзиниот пат кон евроатланските интеграциски процеси, имаше и сеуште има значајна поддршка и помош од страна на Република Франција - најпрвин со изјаснувањето на Бадинтеровата комисија (тука е личниот придонес на познатиот сенатор и пријател на Македонија Робер Бадинтер) дека Македонија ги исполнува условите и критериумите за конституирање како независна држава, понатаму за приемот на земјата во Организацијата на Обединетите нации (при што Франција се јавува во улога на земја спонзор), како и во решеноста на Франција да продолжи да ја поддржува Република Македонија се до нејзиниот конечен прием во Европската Унија. Франција го поттикна приемот на Република Македонија во Меѓународната организација на франкофонијата и потоа даде значајна поддршка и во сферата на едукацијата на кадри - меѓуфакултетска соработка, формирање на заеднички постдипломски студии, размена на кадри во доменот на високото образование, тренинг за зголемување на знаењата и ефикасноста на јавната администрација и нејзино приспособување за соодветна професионална употреба на францускиот јазик во институциите на ЕУ итн..

Како резултат на подемот на француско-македонските односи во втората половина на 90 – години на минатиот век, контактите на највисоко политичко ниво и пристапувањето на Република Македонија во Меѓународната организација на франкофонија, дојде до видна поддршка на интеграциските процеси на Република Македонија во Европската Унија - посебно за време на мандатите на претседателот на Француската Република Жак Ширак. Во 1996 година, како резултат на силната француска подршка, дојде до потпишување на првиот работен инструмент со ЕУ, Договорот за соработка и трговија, пред тоа да биде реализирано со Словенија и Романија. Подоцна, во 1998 година, беа потпишани договорите помеѓу Франција и Македонија за заштита на инвестициите и за избегнување на двојното оданочување, а истовремено во Париз (во Стопанската комора на Париз) беа презентирани

можностите за инвестирање во Република Македонија. Во сферата на уметноста и културата, пак, во париските музеи на средновековната уметност во Клуни, беше отворена Изложба на средновековното македонско богатство што се смета за едно од најголемите и најзначајни претставувања на македонската уметност во светот во периодот на независноста. Овие односи, ја поттикнаа и соработката на научен план, којашто иако не доби понагласена институционална форма, редовно се одвиваше преку индивидуални, лични контакти помеѓу научните кадри од двете земји (академици, универзитетски професори и сл.) Што се однесува до меѓуакадемиската соработка помеѓу двете земји треба да се одбележи дека за време на својот втор претседателски мандат во МАНУ, акад. Ксенте Богоев реализираше средба со тогашниот постојан секретар на Францускатa академија Морис Друон. Меѓутоа, конкретизацијата на соработката изостана поради влошувањето на политичко - безбедносната ситуација во земјата - Косовската бегалска криза на крајот на деведесеттите години на минатиот век и цивилниот судир во 2001 година. Се разбира, наша интенција е да ги обновиме меѓуакадемските врски со надеж дека сегашниот постојан секретар на Академијата Елен Карер д`Анкос ќе ја посети Македонската академија на науките и уметностите.

Живееме во време кога повеќе не се негира актуелниот контекст на ,,глобализацијата'', односно на економската мондијализација, како објективен процес, детерминиран од растечката улога на меѓународното движење на капиталот и особено од растечката улога на новите технологии - во прв ред на информационо - комуникациските технологии. Денес е голем бројот на економисти, вклучувајќи ги тука дури и оние коишто се остри критичари на глобализацијата (на пример Нобеловецот Џосеф Стиглитц), кои веруваат дека процесот на глобализацијата, доколку успешно се води, може да продуцира економски просперитет и благосостојба за сите земји во светот. Меѓутоа проблемот на глобализацијата и незадоволството што таа го предизвикува е најдиректно поврзан со реафирмацијата на пазарната парадигма, во нејзиниот екстремен облик операционализирана со т.н. Вашингтонски консензус. Имено, основа на Вашингтонскиот консензус е идеологијата на слободниот пазар, т.е. на т.н. пазарен фундаментализам. Суштински гледано, пазарниот фундаментализам ја перцепираше, но и ја глорифицираше улогата на пазарот како апсолутно најефикасен механизам за рационално користење на ресурсите, наметнувајќи им на поранешните

социјалистички земји и на земјите во развој изградба на модел на “чист капитализам“, заснован на филозофијата на laissez faire. Овој модел заговараше процеси на масовна приватизација и дерегулација на вкупната економска активност, кои практично се имплементираа преку диригентската палка на Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и Светската трговска организација. Ваквата логика на настаните, меѓутоа видно го наруши балансот помеѓу пазарот и државата, не ги даде очекуваните резултати во зголемувањето на економската ефикасност, доведе до неправедна распределба на доходот во национални и меѓународни размери и продуцираше нееднаквост и зголемување на јазот помеѓу богатите и сиромашните. Се разбира, економистите и денес тврдат дека пазарот е најефикасниот механизам за алокација и рационално користење на ретките ресурси на општествата, што, во основа е точно, бидејќи ниту науката ниту практиката не познаваат друг поефикасен механизам за рационално користење на ресурсите. Меѓутоа, по Големата рецесија од 2007 - 2009 година, мислам дека економистите, повеќе од порано, станаа свесни за фактот дека пазарот не е семоќен, дека егзистенцијата на т.н. домени на пазарен неуспех (монопол, висока невработеност, асиметрични информации, посебно во финансиската сфера, негативни екстерналии, каков што е случајот со загадувањето и деструкцијата на животната средина и сл.), нужно наложуваат државна регулација (економска и општествена), што во основа се сведува на коригирање на резултатите на пазарот во споменатите сфери. За да се превенираат финансиските и економските кризи. Надвор од сферата на економската наука, интелектуалците од другите области, особено филозофите, социолозите, естетичарите и др, денес, со право, се посебно загрижени поради постоењето на објективен ризик, најнепосредно поврзан со процесот на глобализација, од воспоставување нов униформен поредок детерминиран од логиката на профитот, т.е од грамезливоста за реализација на економски профити (натпросечни профити), на штета на вредносниот систем својствен на социјалната етика.

Ова е прашање, што без сомнение е, а и ќе биде предмет на сериозни дебати во рамките на Меѓународната организација на франкофонијата и во иднина, што е и разбирливо, особено доколку се имаат предвид основните цели и мисијата на оваа организација.

Во светот денес повеќе од било кога се наложува потребата одделните држави, различните групации во стратифицираните општества, граѓанските движења на локално и меѓународно ниво и сл., да се заложат за хуманистичка и урамнотежена мондијализација, којашто би носела бенефити за сите народи во светот. На економски план тоа значи дека благодетите од глобализацијата, од новите технологии и забрзаниот економски раст треба да ги уживаат и развиените земји и земјите во развој. На социјален план тоа значи дека на современиот свет му се потребни инструменти за релативизирање на големите диспаритети во степенот на економската развиеност помеѓу одделните национални економии во рамките на светската економија кои, доколку и понатаму се продлабочуваат и изоструваат, носат сериозни опасности од социјални немири, подеднакво, на национален и меѓународен план и од загрозување на мирот во светот. Во сферата на науката, уметноста, културата, тоа значи промовирање на водечките принципи - наука за општеството и уметност за општествената хуманост, принципи кои коинцидираат со настојувањата за нов пристап во менаџирањето на глобализацијата насочен кон ублажување на нејзините противречности и кон релативизирање на незадоволствата од неа. Во доменот на општествените науки мислам дека денес постои висок степен на согласност дека глобализацијата е објективен процес кој ќе тече и понатаму, кој не може да се спречи и дека според тоа, особено помалите земји, мораат да дејствуваат проактивно и да се прилагодуваат на промените, но и дека за тоа е неопходна и меѓународна акција во смисла на промовирање на нова филозофија во менаџирањето на глобализацијата, квалитативно различна од онаа практикувана од клучните "играчи" (ММФ, Светската банка и СТО) во периодот од осумдесеттите години на минатиот век па се до избувнувањето на Големата рецесија од 2007 - 2009 година. Мислам дека ваквите гледишта за глобализацијата во целост се компатибилни со основните принципи и цели на франкофонијата - развој на демократијата, почитување на човековите права, превенција и менаџирање на конфликти, интнзивирање на дијалогот помеѓу културите и цивилизациите, приближување на народите преку афирмација на солидарноста, мултилатералната соработка, јакнење на економиите и промоција на образованието. Тоа е патот на градење на хуманизам на разноликостите како темелна вредност на франкофонскиот универзум. Само една ваква Франкофонија, како задница на народи и нации, на кои им е блиска употребата на францускиот

јазик, вредностите на француската култура и цивилизација, ќе може да даде посебен придонес во обликувањето на хумана и урамнотежена мондијализација.

Се поставува прашањето зошто МАНУ во своите активности му посветува, со овој собир, посебно место на новите предизвици на франкофонијата во времето на мондијализацијата? Постојат повеќе причини и мотиви за тоа:

Прво, Република Македонија во периодот од 1997 година до 2006 година, ги помина сите фази на односи и соработка со Меѓународната организација на Франкофонијата - од земја со статус на набљудувач, преку асоцијативно членство па се до полноправно членство во оваа проминентна меѓународна организација. Ова членство на Република Македонија се заснова, пред сè, врз прифаќање на темелните услови, принципи и вредности на оваа Организација кои соодветствуваат и со европските определби: залагање за мир во светот, демократија, човекови права, рамноправен развој, промоција на науката, образованието, истражувањето и развојот, новите информатички технологии, афирмацијата на културната и јазичната разновидност и солидарност. Франкофонијата е истовремено и меѓународна институција и простор за економски, политички и културен дијалог и соработка на различни земји во светот кои споделуваат иста или блиска визија за светот, посебно во контекстот на предизвиците што ги креира мондијализацијата. Во овој контекст, ние посебно го респектираме и фактот што Франција е земја иницијатор за формирање на ЕУ, со голем и неспорен влог во градењето на европските вредности и стандарди во сите сфери на човековото живеење, како и економски високоразвиена земја -со најголема територија помеѓу земјите членки на ЕУ, со бруто - домашен производ по глава жител од близу 28.000 $, шестти најголем извозник на стоки во светот итн.

Второ, покрај поттикот за негување на историската традиција и присуството на францускиот јазик кај нас, членството во Франкофонијата на Република Македонија се гледа како можност за афирмација на македонскиот идентитет, јазик, историја и богато културно наследство, мултикултурниот аспект на земјата, како и на сите вредности на современото македонско општество – мирот, демократијата, толеранцијата и солидарноста.

Трето, од аспект на МАНУ, посебно е значајно и преку овој собир, но и пошироко, со наша активна партиципација во рамките на франкофонијата, да иницираме

воспоставување и соработка и со француските академии, кои уживаат висока репутација во светот, како и со други научни институции од Франција. Мислиме дека за тоа постојат и реални услови, најпрвин поради фактот што голем дел од нашите академици се франкофони, голем дел од нив реализирале плодна соработка со соодветни научни институции во Франција, бројни студиски престои и специјализации во Франција итн. Понатаму, дел од нашите учесници, присутни на овој собир оствариле посебна соработка со Франција во своите домени на научен интерес (на пример, медицина, економија и др.), а дел од нашите проминентни писатели и членови на МАНУ, Матеја Матевски, Влада Урошевиќ и Луан Старова, се објавени кај угледни француски издавачи и негуваат повеќе деценискa соработка со француски писатели и институции. Дефинитивно, посебно е значаен и фактот што членови на МАНУ надвор од работниот состав се и големите француски мислители на нашето време - социологот Едгар Морен, сенаторот и поранешен министер за правда на Франција Робер Бадинтер и угледниот француски професор, уролог, трансплантолог и роботски хирург Клод Клемент Абу, чие што пристапно предавање во МАНУ го очекуваме во текот на април/ мај оваа година. Ние сакаме овие врски и научна соработка да опстојат, понатаму да се зацврстат и да се продлабочат. Оттука, денешниов собир, меѓу другото, има за цел да ни укаже и да не потсети не само на една среќна синтеза на францускомакедонските односи во минатото и сегашноста, туку и на една парадигма како да се обединат умеења и вредности на народите во дијалог и разбирање, во соочувањето со предизвиците на мондијализацијата и барање нови простори за разбирање и соработка, во универзалниот свет на хармонија на разноликостите.